РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-5498/2
07-02-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 100-та седница одржана на ден 06.02.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по пријавата со број 12-5498/1 од 28.11.2023 година, со наводи за постоење на потенцијална корупција во работењето на Агенцијата ---------------------------------------- поради воспоставување на монопол со ----------------------- софтверот, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување од причина што по истите наводи ДКСК постапил во друг предмет со број 12-237/1 од 2022 година и има донесено одлука бр.12-361/5 на 15.09.2023 година и дополнителна одлука со бр.12-361/9 на 02.10.2023 година.

До Агенцијата за катастар на недвижности да се достави Мислењето на Комисијата за заштита на конкуренцијата со број -------/--- донесена на 20.09.2023 година.

Да се достави Укажување до Агенцијата за катастар на недвижности да постапи по даденото мислење на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Предметот со број 12-5498/1 од 28.11.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 28.11.2023 година од страна на познат подносител, доставена е пријава заведено под број 12-5498/1, против Агенција ---------------------------------------------, со наводи за монополизирање на постоечкиот софтверски систем -----------------, кое се сомнева дека создава потенцијален ризик за корупција во Агенцијата.

Подносителот во пријавата наведува дека обврската за користење на софтверот ------------------- не може и не смее да биде задолжителен за членките на Комората на трговски друштва за геодетски работи на РСМ и за приватните геодетски компании, бидејќи тоа претставува своевиден монопол и е спротивно на основните начела на слободниот пазар и создавањето на еднакви законски услови за сите производители кои нудат софтвери.

При разгледување на предметната пријава, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај од причина што по истите наводи ДКСК веќе има постапено во друг предмет со бр.12-----/-- од 2022 година, во врска со што ја донел

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

одлуката со бр.12-----/--- во 15.09.2023 година и одлуката со бр.12------/---- од 02.10.2023 година и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Ф.Ј., советник

Одобрил: Г.Т., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**